# УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА НА ГРАНИЧЕН ПРОИЗВОД

**Beviplex® B**
**гранули за подготовка на напиток**
30 ќесички со по 3,5 g гранули за подготовка на напиток

**Граничен производ со шеќер**

**Упатството за пациентот содржи:**

1.Што претставува **Beviplex® B** и за што се употребува?
2.Што мора да знаете, пред да го земете/ употребите **Beviplex® B**?
3.Како да го земате/ употребувате **Beviplex® B**?
4.Можни несакани дејства(реакции)
5.Чување и рок на употреба на **Beviplex® B**
6.Дополнителни податоци за граничен производ

## 1. Што претставува Beviplex® B и за што се употребува?

Beviplex® B, гранулите за подготовка на напиток се граничен производ кој претставува дополнителен извор на витамини од групата Б. Производот е наменет: 1) на лица со зголемени потреби за витамини од групата Б (деца во фаза на развој, лица на посебна исхрана со редукција на внесот на храна, или исхрана богата со јаглени хидрати, рековалесценти, лица изложени на интензиви физички и ментални активности - спортисти, рекреативци, ученици, студенти), 2) лица со дефицит на Б витамини (лица со намален апетит, лица кои конзумираат алкохол, лица кои имаат проблем со квалитетот на кожата, лица по подолга употреба на антибиотици, повозрасни лица). Витамините Б1, Б2, Б6, ниацин и пантотенска киселина придонесуваат за одржување на нормалниот енергетски метаболизам. Витамините Б2 , Б6, ниацин и пантотенска киселина придонесуваат за намалување на заморот и исцрпеноста. Ниацин, витамините Б1, Б2 и Б6 придонесуваат за нормално функционирање на нервниот систем. Витамин Б6 придонесува за нормално создавање на црвени крвни клетки и нормална функција на имунолошкиот систем. Ниацин и витамин Б2 придонесуваат за одржување на нормална кожа и слузокожа.

## 2. Што мора да знаете пред да го земете/употребите Beviplex® B

**Немојте да го земате/употребувате Beviplex® B** доколку сте алергични на било која состојка на производот.

**Бидете посебно внимателни со Beviplex® B**

Производот не смеат да го употребуваат лица кои се преосетливи на било која од состојките на производот.

**Бременост и доење**

Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земете производот.
Ако сте бремени, планирате бременост или ако доите, пред да почнете да го земате граничниот производ, посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

**Влијание врз психофизички способности**

Примената на **Beviplex® B** не влијае на способноста за ракување со моторни возила и машини.

**Важни информации за некои состојки на Beviplex® B**

Производот не смеат да го употребуваат лица кои се преосетливи на витамините од групата Б или било која состојка на производот.
Производот не е наменет за деца на возраст под 1 година и за лица на терапија со леводопа.
Лица со дијабетес, како и лица на терапија со трициклични антидепресиви, алфа-1-блокатори, може да го употребуваат производот само по консултација со својот лекар.

**Земање/употреба на други медицински производи**

Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

**3.Како да го земате/употребувате Beviplex® B**

Возрасни и деца над 1 година: Еднаш на ден да се испие напиток направен од содржината на 1 ќесичка гранули разматени во вода или млеко.
Препорачаната дневна доза не смее да се надминува .

**4.Можни несакани дејства (реакции) на Beviplex® B**

Ако забележите било какви несакани дејства, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

**5.Чување и рок на употреба на Beviplex® B**

Да се чува во оригиналното пакување, на суво и темно место, на температура до 25 °C
Да се чува надвор од дофат на деца.

**Рок на употреба**

Не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

**6.Дополнителни податоци за граничен производ**

**Состав на граничен производ**

| Состав на активни компоненти | 1 ќесичка (3,5 g) | % НРВ* | % НРВ** |
|---|---|---|---|
| Витамин $Б_1$ (тиамин хидрохлорид) | 3 mg | 273 | 600 |
| Витамин $Б_2$ (рибофлавин) | 2 mg | 143 | 250 |
| Витамин $Б_6$ (пиридоксин хидрохлорид) | 2 mg | 143 | 286 |
| Пантотенска киселина (калциум-Д-пантотенат) | 3 mg | 50 | - |
| Ниацин (никотинамид) | 20 mg | 125 | 222 |

*НРВ – нутритивна референтна вредност за возрасни и деца на возраст над 3 години

** НРВ – нутритивна референтна вредност за деца на возраст до 3 години

**Состојки:** сахароза, какао прав, никотинамид, арома ванилин, тиамин хидрохлорид, калциум-Д-пантотенат, рибофлавин, пиридоксин хидрохлорид.

**Изглед на граничен производ и пакување:** 30 ќесички со по 3,5 g гранули за подготовка на напиток.

**Носител на одобрение за ставање на граничен производ во промет:**
ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, Булевар Кочо Рацин 14, 1000 Скопје, Р.С. Македонија

**Производител:**
Галеника а.д., Батајнички друм б.б 11080 Београд, Р.Србија

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE * SHKUP * СКОПЈЕ *

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи:**